РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 01-196/17
01.04. 2025 год.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18, "Службен весник на РСМ" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Крушево бр.01-284/1 од 07.03.2016 година, бр.01-284/2 од 09.08.2016 година, бр.01-179/1 од 01.02.2018 година, 01-179/5 од 24.04.2018 година, 01-179/8 од 02.11.2018 година, 01-129/1 од 21.01.2019 година, 01-129/4 од 20.12.2019 година, 01-905/1 од 12.07.2022 година, 01-686/4 од 23.08.2024 година и бр.01-344/1 од 13.03.2025 година, Секретарот на Општина Крушево на 01.04.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за вработување на административен службеник по објавен Јавен оглас

1. Кандидатот ЈАСМИНА ДИМОСКА СЕ ИЗБИРА за административен службеник на работно место УПР 0101 Б04 000-Раководител на одделение за управување со човечки ресурси во општинската администрација во Општина Крушево, во врска со објавениот Јавен оглас 47/2025 година.
2. Решение за вработување на административен службеник ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука;
3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата и на огласна табла на Агенцијата за администрација, а ќе се достави и до избраниот кандидат;

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

О б р а з л о ж е н и е

На 12.02.2025 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха, за потребите на Општина Крушево објавен е Јавен оглас 47/2025 година за вработување на еден административен службеник.

Со Решение бр.10-375/3 од 12.02.2025 година и бр.10-375/7 од 14.03.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Согласно законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18, "Службен весник на РСМ" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници ("Сл.весник на РСМ" бр.221/2024), се спроведе постапка за вработување, утврдена со записник бр.10-375/6 од 14.03.2025 година за извршена административна селекција; записник бр.10-375/9 од 27.03.2025 година за спроведен испит за административен службеник; записник бр.10-375/10 од 28.03.2025 година, за веродостојност на доказите и спроведено интервју.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа на кандидати и достави до Секретарот на Општина Крушево предлог за вработување на кандидат бр.10-375/11 од 28.03.2024 година. За работното место УПР 0101 Б04 000-Раководител на одделение за управување со човечки ресурси во општинската администрација во Општина Крушево ја предложи Јасмина Димоска со вкупно 67,90 освоени бодови во сите фази на селекција.

Согласно член 45 од законот за административни службеници и предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 47/2025, бр.10-375/11 од 28.03.2025 година, Секретарот на Општина Крушево изврши избор на кандидат и донесе Одлука како што е цитирано во точка 1 на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Агенција за администрација;
- Избраниот кандидат;
- Архива на Општина Крушево.

**Општина Крушево**
**Секретар,**
**Мина Миленкоска**